## 2023-2026 ГОД

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# БРАВУРА КООПЕРАТИВА



ХЗ "БРАВУРА КООПЕРАТИВА"
ДЕЛЧЕВО

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА БРАВУРА КООПЕРАТИВА

## за периодот 2023-2026 г.

**СТРАТЕШКИ ПЛАН *НА ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА –ДЕЛЧЕВО 2023-2026*** *е изготвен со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанското општество за поврзан Западен Балкан, кој е имплементиран од Centar za promociji civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.*

*Содржината на* **СТРАТЕШКИ ПЛАН *НА ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА –ДЕЛЧЕВО 2023-2026*** *е единствена одговорност на* ***НА ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА*** *и не мора да ги одразува ставовите на Centar za promociji civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Институтот за демократија и медијација и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.*

# С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД.....5

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН.....7

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ.....8

ИСТОРИЈАТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА.....9

ЦЕЛНИ ГРУПИ НА „БРАВУРА КООПЕРАТИВА“.....9

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ.....10

SWOT АНАЛИЗА НА „БРАВУРА КООПЕРАТИВА“.....10

ВИЗИЈА , МИСИЈА.....11

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ.....12

ВРЕМЕНСКА РАМКА.....18

БУЏЕТ.....18

НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ.....18

*Обраќање на претседателот на Бравура Кооператива*

*Хуманитарно здружение за помош и подршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива" - Делчево, ги обединува политиките поврзани со маргинализираните и ранливи групи на граѓани, како што се лицата со попреченост (посебни потреби ), стари и изнемоштени лица, лица во ризик, со посебен акцент на родовите прашања. Организацијат ги застапува социјалните права и политиките, правата на децата со посебни потреби, и активно работи против дискриминација и разбивање на дискринаторските ставови.*
*Бравура Кооператива активно и во континуитет подготвува, предлага и импелементира мерки, активности и стратегии кои се однесуваат на подобрување на благосостојбата на маргинализраните групи и воспоставува ефикасен и ефективен социјален дијалог на сите нивоа за подигање на јавната свест и одговорност за целната популација.*

*Со реализација на сите поставени цели во Стратешкиот план за периодот 2023-2026 година, ќе се придонесе за подобрување на состојбите на целните групи во областа на делување на организацијата, пред се во Делчево и Источно плански регион –Брегалница .*

*Целите што ги имаме поставено со овој план се амбициозни и во сообразност со причината за постоењето на организацијата, и тие бараат вложување на исклучителни напори како и јасен курс за нивна реализација. Нивното остварување е можно само со ангажирање на постојните ресурси и со целосно искористување на капацитетите на организацијата, притоа потпирајќи се на основните принципи и вредности како одлика во работењето на „Бравура Кооператива"*

*„Бравура Кооператива" ќе настојува да ги оствари овие приоритети и во услови на постојни и променливи социо- економски услови.*

*Изработката на стратешкиот план не значи и крај на процесот. На годишно ниво тој ќе биде ревидиран за да се оцени напредокот и истовремено да се идентификуваат новите потреби или проблеми, за да успееме да се движиме во вистинска насока во спроведувањето на стратешкиот план.*

Анета Николова

## ВОВЕД

Стратешкото планирање е демократски метод за креирање на визијата и начините да се достигне посакуваната иднина на организацијата и служи за насочување на активностите и проектите во насока на развој, претставено во форма на документ - Стратегија за развој. Стратешкото планирање на организацијата значи рационално управување со неа, што подразбира реално согледување на фактичката состојба и потреби во организацијата со создавање решенија кои реално би можеле да се применат за разрешувањето на проблемите. Стратешкото планирање е процес на разбирање на ситуациите во кои се наоѓа организацијата, анализа која треба да ги идентификува потребите во сите сфери на работење и врз основа на идентификуваните потреби да се создадат решенија кои би биле возможни за спроведување во обидот да се решат потребите и истите треба да бидат базирани на потребите и приоритетите на целните групи. За да можат решенијата да бидат реално остварливи, заемно поврзани и интегрирано да влијаат врз постоечката состојба, потребно е постоење на заедничка визија за тоа каде граѓаните, институциите, вработените и волонтерите, т.е. сите општествени чинители, сакаат да биде организацијата во иднина и начини како да се стигне до таму. Сознанието за овие потреби треба да ја опфати целокупната организациска структура на организацијата и капацитетите на севкупните локални ресурси. Визијата, стратегијата и планираните активности треба да бидат реални и возможни за спроведување од страна на организацијата, а не само нејзини желби и соништа.

Стратешкиот план е рамка за дејствување, која ги зема во предвид расположивите ресурси, пречките и можностите кои водат кон конкретен пристап и кон посакуваниот севкупен економски развој. Стратешкото планирање ја дефинира визијата и стратешките долгорочни цели, како и политиката за развој, преку дефинирање на развојна рамка со конкретни развојни цели и мерки, односно програми и/или проекти за нивна реализација на подолг рок. Работата на спроведувањето на поставените задачи од овој документ претставува средство за планирање, планско прилагодување на околината кон промените, утврдување на приоритетите и нивно насочување на ресурсите кон обезбедување на максимално искористување и ставање во функција на развојот на организацијата, остварени преку годишните планови и програмите кои се од големо значење за програмираниот развој за одредена област, согласно законските надлежности за работа на организацијата. Одговорното стратешко планирање низ целиот процес посветува внимание на родовата еднаквост преку постојана проверка на поставените цели и резултати од родовата перспектива, т.е. дали подеднакво ги одговараат потребите на мажите и жените. Исто така, поттикнува и промовира цели кои се однесуваат на подобрување на положбата на жените и на маргинализираните групи во заедницата.

Со цел поквалитетно изготвување на стратешкиот план на „Бравура Кооператива“, вклучени беа сите заинтересирани структури во заедницата. Беше направена анализа на надворешните фактори, преку прашалник за перцепцијата и иднината на „Бравура Кооператива“, кој го пополнија институциите на локално и национално ниво, вработените, волонтерите и претставниците на целната група. Резултатите од прашалникот ја дадоа насоката за подготовка на оваа стратегија.

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Пристапот на изработка на Стратегијата на „Бравура Кооператива“ беше партиципален и транспарентен со вклучување на сите клучни засегнати страни. Процесот се одвиваше преку тродневна работа, сумирање и заклучоци по работилница, подготовка на предлог верзија на Стратешкиот план, негово дефинирање и прифаќање. При работката на стратегијата во сите фази се предвидува да ги преземе мерките/активности/цели/резултати за да ги одразуваат потребите и на маргинализираните и ранливите групи, како и реално да се отсликуваат потребите на лицата со попреченост.

На првата работилница секоја од групите работеше на SWOT анализа. Беше спроведена комбинација на SWOT (анализа на надворешна околина, социјален контекст, анализа и животна средина), со цел да се добие сеопфатна анализа на моменталната состојба во организацијата. На другите работилница беа дефинирани визијата и мисијата. Поаѓајќи од изготвената SWOT анализа на работните групи на две работилница, ги дефинира стратегиите и краткорочните цели. Секоја од групите поделени по области, преку аргументирана дискусија ги одбираа стратешките приоритети. Посебно внимание беше посветено на избор на приоритети кои се осварливи и реални. На третата работалница се поставени цели а се предлагаа одредени мерки/активности, т.е. комплексните проекти кои треба да се проучат. По неколку работилница, во еден документ, беа сумирани образложени, а потоа поврзани со профилот на „Бравура Кооператива“. По добивањето на првата верзија на стратешкиот документ беше поставен на дискусија, со сите оние кои нема да можат да учествуваат на работниците да ги дадат своите видувања, идеи и коментари. Коментарите и забелешките од релевантните луѓе се интегрирани во „Стратегијата за развој на „Бравура Кооператива.

[1] *Резултатите од SWOT анализзата се дадени во подолу во засебна глава*

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ**

Стратешкиот план, е документ во кој се утврдени насоките за работата на организацијата за следниот тригодишен период, имајќи ја во предвид јасно дефинираната мисијата и визијата на Хуманитарно здружение за помош и подршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива". Водени од сознанието дека стратегијата е потребна за успешно остварување на мисијата на организацијата, „Бравура Кооператива" изработи стратешки план за три години. Најновиот изработен стратешки план кој се однесува на период 2023-2026 год. ги содржи сите идентификувани приоритети според кои беа направени стратешките цели и насоки.

Стратешкиот план е поделен на наколку делови кои соодветно ги отсликуваат фазите на неговата изработка и утврдување:

- Надворешна анализа - (Анализа на опкружување, Анализа на работењето на организацијата, анализа на функционирање на релевантните чинители каде делува организацијата)
- Внатрешна анализа на јаки и слаби страни на Бравура Кооператива
- Дефинирање на можностите и заканите
- Утврдување на стратешките цели на организацијата
- (Ре)дефинирање на мисија и визија
- Марки и активности за остварување на стратешки цели
- Временска рамка
- Буџет
- План за набљудување и оценување

Вредностите и начелата за кои се залага организација и кои ги практикува се:

- Еднаквост
- Танспарентност
- Толерантност
- Законитост
- Отчетност
- Одговорност
- Хуманост
- Чувство на припадност/сопственост
- Солидарност
- Тимска работа и
- Меѓусебен дијалог

Овие вредности и начела ја отсликуваат заложба на Бравура Кооператива за остварување на поставената мисија и визија и истите ќе бидат практикувани и во наредниот период.

Оваа е направено од следниве причини:

- Се остава слобода на лицата кои се одговорни за спроведување на одредени препораки, да дефинираат конкретни чекори согласно моменталната ситуација и расположливи сретства
- Се избегнува непотребна оптовареност на стратешкиот план со детали кои многу лесно, од различни причини може да биде неиспочитуван, изменет, а со самото тоа се намалува релевантноста на планот.

## ИСТОРИЈАТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Хуманитарното Здружение за помош и поддршка на лицата со посебни потреби „**Бравура Кооператива“** е основано на 17.06.2004 година, во Делчево, а од 2007 год. организацијата е регистриран во Регистарот на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита на Министерството за труд и социјална заштита на Република Македонија. Од 2022 е Лиценциран давател на социјални услуги.

Од своето постоење до денес ХЗ "Бравура Кооператива", со цел да се постигне поширок заеднички интерес, застапува и работи посебни цели и активности како што се: Застапување на правата на лицата со посебни потреби; Развој на алтернативни форми на згрижување, образование и третман; помош, поддршка и соработка со семејствата; подобрување на социјалниот статус и подигање на јавната свест за социјалната еднаквост и прифаќање на лицата со посебни потреби, како и намалување на дискриминацијата кон маргинализираните групи; превенција, ран третман, образование, професионална ориентација, работно оспособување и вработување на лица со посебни потреби ; и секако инклузија преку спорт.

ХЗ „Бравура Кооператива“ ги темели своите резултати и постигнувања во сите опфатени сфери на делување и интервенции со постигнати високи резултети кој ги доближуваат лицата со посебни потреби во општествените текови. Реализирани се бројни кампањи за подигање на јавната свест на локалното население, едукации и работилници за родителите, директна стручна подршка за децата со посебни потреби, успешно реализирани драмски претстави од инклузивен карактер и награди, воспоставен систем на работно окупациона терапија и обучени лица за работно производни активности, и единствена организација која во рамките на својата програма го имплементира параолимпискиот спорт Бочија за лица со посебни потреби и ја има донесено параолимписката игра Бочија на територијата на Македонија со лиценцирани тренери и сертификати.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ НА „БРАВУРА КООПЕРАТИВА“

Во спроведувањето на приоритетите и активностите на организацијата, предвидени со Стратешкиот план „Бравура Кооператива“ ќе соработува и ќе им се обраќа на различни целни групи, кои се директно или индиректно засегнати од активностите кои ги спроведува организацијата.

Имајќи ги предвид стратешките цели и приоритети, со оваа стратегија, „Бравура Кооператива“ планира воспоставување, интензивирање и унапредување на соработката пред се со лицата во социјален ризик, во Делчево и во Источниот плански регион, како и со следните целни групи:

- Корисници на услугите на организацијата
- Пензионери
- Деца и лица со попречености ( посебни потреби )
- Семејства на целните групи
- Граѓаните во Македонија
- Локалните власти и институции (МЦСР, АВРМ, ФЗО, Министерство за труд и социјална политика, Биро за развој на образование)
- Локални, регионални, национални и меѓународни ГО
- Народен правобранител
- Мали и средни претпријатија во регионот
- Локални и национални медиуми

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

„Бравура Кооператива“Делчево моментално има вработено 12 лица со полно работно време 1 лице со скратено работно време, 6 со договор на дело . Во изминатите четири години, годишно во просек има и по 20 волонтери кои се дел од рализацијата на проектни активности на организацијата. Бројот на членовите на Собранието на организацијата во моментот изнесува 5 лица. Се прави напор да се зголеми бројот на волонтери. За поуспешно управување и раководење, организацијата воспоставува свои организациските политики кои вклучуваат примена на Правилниците за работа на Извршната канцеларија, правилници и Деловници за работа на Собрание, Управен одбор, Комуникациска стратегија, Етички кодекс и Правилник за волонтери.

Редовно се изработува Годишна програма за работа на „Бравура Кооператива“, се доставуваат извештаи до донаторите и се врши надворешна финансиска ревизија.

Континуирано се унапредуваат и просторните услови за работа.

**SWOT АНАЛИЗА НА „БРАВУРА КООПЕРАТИВА“**

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| ***Добра покриеност со социјални сервиси**<br>***Регистрирани за услуги во министерство за труд и социјална политика**<br>***Флексибилност на работно време**<br>***Задоволни клиенти**<br>***Тимска работа**<br>***Релевантно искуство**<br>***Сопствен простор**<br>**Препознатливост во заедницата**<br>**Човечки ресурси во доволен број**<br>**Можност да се одговори на прашања од областа на социјалата**<br>**Почит помеѓу колегите**<br>**Добри услови за работа**<br>**Транспарентно работење со граѓаните и институциите**<br>**Обучен персонал**<br>**Постигнати резултати од проектите**<br>**Посветеност кон мисијата**<br>**Посветеност на поединци во решавање на проблеми**<br>**Размена на информации помеѓу различни програми**<br>**Можности за аплицирање на други програми**<br>**Теренска работа**<br>**Колегијалност**<br>**Вмрежување на локално, национално и меѓународно ниво** | - Зависност од донатори<br>- Мала плата<br>- Внатрешна координација<br>- Нема бонуси за добро завршена работа<br>- Краткорочно планирање<br>- Вклучување на други проекти<br>- Несоработка/ слаба соработка со бизнис сектор<br>- Недоволна мотивација за вклучување млади волонтери<br>- Подобра внатрешна комуникација и координација<br>- Нема јасни процедури за вклучување во проекти<br>- Недоволно познавање на дигитални алатки и дигитална писменост<br>- Внатрешни процедури<br>- Заостанување зад новите трендови (дигитализација и зелена агенда)<br>- Нередовно ажурирање на веб страна, нема одговорно лице<br>- Недоволна внатрешна комуникација, потреба од воведување процедура<br>- Повеќе тим билдинг активности<br>- Нема редовни состаноци со персонал<br>- Недостаток на релевантни вештини (ИТ, пишување проекти)<br>- Јакнење на капацитетите на вработените |
| **Можности** | Закани |
| - **Дигитализација/ дигитална агенда**<br>- **Еразмус**<br>- **Други донатори**<br>- **Социјално претприемништво**<br>- **Мрежи и партнерства** | - Миграција<br>- Нема локални медиуми<br>- Избори |

**ВИЗИЈА , МИСИЈА**

**Визија:**

Делчево, и локалните заедници во Источен Плански регион – Брегалница, овозможуваат социјалната инклузија на сите категории на граѓани и заедници кои се грижат за квалитетот на живеење, социјалниот статус и социјалната сигурност на ранливите групи.

**Мисија**:

ХЗ „Бравура Кооператива“, дава подршка, директна и стручна помош на лицата со посебни потреби и нивните семејства, врши едукација, хабилитационен , рехабилитационен третман и испорака на социјални услуги, како и интервенции во заедницата за подигање на јавната свест за подобрување на квалитетот на живеење и нивно активно вклучување во сите опшествени текови.

**СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ**

Стратешки цели на ХЗ Бравура Кооператива за период од 2023-2026 се:

1. Зголемување на вклученоста на лицата со посебни потреби во јавниот живот и нивна инклузија во сите сфери на општественото живеење
2. Ран третман и рана интервенција за деца со посебни потреби
3. Развој на програмата за Работно окупациона терапија за лица со посебни потреби
4. Ефективна локална, регионална и национална соработка
5. Инклузија преку спорт
6. Развој на внатрешните капацитети на организацијата

Стратешка цел 1: **Зголемување на вклученоста на лицата со посебни потреби во јавниот живот и нивна инклузија во сите сфери на општественото живеење**

Вклучувањето на лицата со посени потреби во секојдневниот општествен живот е целна определба на Бравура кооператива. Односот кој државата го има кон овие лица е индикатор на степенот на нејзина развиеност и демократија. Бидејќи немаме видни поместувања во изминатите 20 години и сеуште оваа популација е на маргините во опшествениот систем, Бравура Кооператива сратешки се определува да интервенира во две насоки и тоа: *кон заедницата и *кон лицата со попреченост во јакнење на нивните капацитети. Мерките и активностите од оваа стратешка цел се усогласени со Конвенцијата на правата на лицата со попреченост, која е ративикувана во Р.С.Македонија.

Мерки и активности:

1.1 Јакнење на самодовербата и капацитетите на лицата со попреченост преку Едукацијата, рехабилитација, интеграција за развој на индивидуалните потенцијали кој водат кон социјално вклучување, интеграциј и инклузија.

1.2. Развој на програмата за социјална инклузија преку алтернативна форма на услуги „Клуб за социјална инклузија“

1.3 Подигнување на јавната свест за различноста во заедницата

1.4 Обезбедување на пристапност

Стратешка цел 2 : **Ран третман и рана интервенција за деца со посебни потреби**

Една од двете главни целни групи на Бравура Кооператива се децата со посебни потреби. Соработка со релевантните институции веќе е воспоставена, но потребна е дополнителна надградба и реализација на конкретни чекори и активности. Поради тоа што се работи за деца, целна група овде се и нивните родители и блиски, затоа оваа стратешка цел опфаќа мерки за нивна поддршка. Отсуството на овој суштински дел од развојот на лицата со попреченост на ниво на дрќава е актуелен долги години и никако да се најдат механизми да биде воспоставен. Овој момент ја загрижува Бравура Кооператива од инфериорноста на Државата и релевантните институции. Затоа оваа стратешка цел која е подолго време во програмата на Бравура останува и во Стратешкиот план за 2023-2026 година, каде мора да се работи на отварање на оваа прашање во поширок контекст на проблемот.

Мерки и активности:

*2.1* Воспоставување и негување на соработката со здравствените институции, дневен центар и други релевантни развојни советувалишта за рана интервенција на ризико родени деца и деца во ризик со цел вопоставување на ран третман од рана интервенција.

2.2 Рекреационо-рехабилитационен центар за лица/деца со посебни потреби на туристички локалитет на планина Голак-Делчево

2.3 Настани, дебати, трибини со родители и семејства на деца со посебни потреби и релевантинте институции

Стратешка цел 3: **Развој на програмата за работно окупациона терапија за лица со посебни потреби и поттикнување и воспоставување на социјалното претприемништво**

Во досегашното свое постоење Бравура Кооператива спроведува повеќе програми за работно – окупациона терапија. Искуството е дека токму овие програми го даваат најдобриот ефект кај целната група и овозможуваат нивна финансиска независност, а со тоа и интеграција во општеството. Поради ова организацијата ќе продолжи да посветува значајно внимание на оваа стратешка цел, овозмужувајќи им ги на целните групи сите работни програми и воведувајње на нови. Во стратегијата 2023-2026 , согласно мерките е предвидено на премин од Професионална рехабилитација во Социјално претпријатие, кој момент е условно поврзан и во исчекување на законот за социјални претпријатија со цел на усогласување на нашите моќности кон законските регулативи на социјалното претпријатие.

Мерки и активности:

3.1 Едукацијата, на лицата со посебни потреби и нивните семејства за социјалното претприемништво и можностите за развој на сопствен бизнис

3.2 Развој на програмата за работна терапија и проширување на дејностите за работа со можност за развој на пазарна трговија на пазарот на трудот

3.3 Подготовка на Бизнис план и соработка со бизнис заедницата.

3.4 Регистрирање на социјално претпријатие во рамки на Бравура Кооператива

Стратешка цел 4: **Ефективна локална, регионална , национална и меѓународна соработка**

Размената на добри практики, знаења и искуства со организации од регионот, државата и западните замји е важна алатка за стекнување на нови знаења и воспоставување применети практики од западните земји. Бравура стреми кон поголемо учество во програмата Еразсмус + , други интернационални поврзувања и развојни национални мрежи за заемно делување. Особено ваќно е јакнење на институционалната соработка со државниот апарат а со тоа и јакнење на капацитетите на организацијата.

Мерки и активности:

4.1 Поддршка и соработка со институциите за зголемување на капацитетите за ефикасно имплементирање на програми и услуги кон целната група

4.2 Соработка со ЕЛС Делчево за формирање на тим и градење на стратегија за училишна инклузија на локално ниво и други алтернативни форми на неформално образование

4.3 Формирање на Регионална мрежа на Г.О во источно плански регион Брегалница.

4.4 Партиципативно учество во програмата Ерасмус +

Стратешка цел 5: **Инклузија преку спорт**

Спортот игра важна улога во јакнење на здрава личност и носи силни пораки во разбивање на дискриминаторските ставови кон лицата со попреченост. Затоа учеството во Спортот не е луксуз

туку елементарна човекова потреба. Бравура силно се залага во оваа стратегија да го издигне учеството на лицата со попреченост во повеќе спортски дисциплини и настани.

Мерки и активности:

5.1 Промоција, развој и унапредување на спортот за лица со посебни потртеби и унапредување на играта Бочија за лица со телесен инвалидитет во Македонија

5.2 Создавање на мрежа на соработка и подршка за формирање на Бочија клубови во Македонија

5.3 Зголемување на бројот на членовите, преку анимирање на младите и за зголемување на видливоста

5.4 Едукација на тренери и судии за параолимписката игра Бочија .

5.5 Учество и организирање на локални, регионални , нционални и интернационални турнири.

Стратешка цел 6: **Развој и унапредување на социјални услуги во зедницата.**

Бравура Кооператива во 2021-2022 година работеше на воспоставување на социјални услги и се стекна со Лиценца за давател на социјалните услуги за: 1. Помош и нега во домот и 2. Рехабилитација и реинтеграција. Како провајдер на социјални услуги, Бравура ја чуствува потребата од проширување со персонал-негуватели со цел да се одговори на потребите на заедницата и проширување кон нови социјални услуги. Затоа Стратешките определби во наредните 3 години се насочени кон следниве:

Мерки и активности:

6.1 Воспоставување на нови социјални услуги и тоа:

- Лична асистенција
- Услугата за дневен престој
- Услуги за привремен престој ( Одмена на семејна грижа)
- Услуга за ресоцијализација

6.2 Проширување на социјалните услуги : Помош и нега во домот и Услуга за рехабилитација и реинтеграција, согласно потребите на заедницата, и проширување на услугите на регионално ниво во градовите (Штип, Пехчево, М.Каменица, Виница и други потенцилајни општини).

6.3 Инфраструктурни капацитети. Со одлукана Влада е доделен простор од 800м2 на 10 години владеење на Бравура Кооператива кој претставува висок потенцијал за развој на социјално форми на услуги. Активностите на оваа стратешка цел е да се направи реновирање и адпатација до првата половина од 2024 година, а до крајот на 2026 да се развијат услугите кој се приоритет на заедницата, како Живеење со подршка, Одмена на семејна грижа, алтеративен клуб за социјална инклузија и дислокација на услугата за рехабилитација и реинтеграција.

Стратешка цел 7: **Развој на внатрешните капацитети на организацијата**

Со развојот на социјалните услуги и зголеменото буџетирање на Бравура Кооператива, предизвикува и потреба од унатредување , трансфомација и институционален развој со цел да одговори на нивото на бараните потреби.Бравура ги согледува недостатоците од човечки ресурси, интитуционални капацитети па затоа ги позиционира следниве Мерки и активности во стратегијата 23-26.

Мерки и активности:

7.1 Проширување и измени во раководните органи на организацијата со цел јасна дистинкција на управните и извршните функции.
7.2 Промоција и развој на волонтерство (програма за привлекување на волонтери )
7.3 Јакнење на капацитеите на вработените/Подобрување на внатрешна комуникација и координација/ Видливост на органзиацијата
7.4 Дигитализација на социјалните услуги
7.5 Реновирање на новите просторни услови на Бравура Кооператива и ставање во функција
7.6 Креирање на регионална мрежа и вклучување во интернационални мрежи

**ВРЕМЕНСКА РАМКА**

Активностите за реализирање на Стратешкиот план на „Бравура Кооператива"Делчево ќе се одвиваат континуирано, следејќи ги активностите за реализирање на стратешките приоритети, во периодот октомври 2023 - декември 2026 година. Како прилог, оваа стратегија вклучува временска рамка за спроведување на старатешките активности.

## БУЏЕТ

Најголем дел од средствата потребни за спроведување на оваа стратегија ќе бидат испланирани со програмските активности на „Бравура Кооператива“ на годишно ниво. Според досегашната динамика на планирање, споредена со временскиот период на оваа Стратегија, буџетот би изнесувал помеѓу 6.000.000 мкд или (100,000 евра) и 9.000.000 мкд( 150,000 евра) за една година или вкупно за 3 години согласно стртешкиот план износот би бил помеѓу 18.000.000 мкд ( 290.000 евра) и 27.000.000 (430.000 евра) мкд.

## НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

Бравура Кооператива го смета набљудувањето и оценувањето на спроведувањето на стратегијата за клучен фактор во одредувањето на успехот на преземените активности. Механизмите за набљудување и оценување на ефектите и на успешноста на реализацијата на оваа стратегија се:

1. Внатрешен мониторинг од страна на Надзорен одбор.
2. Три месечна Евалуација на програмта.( Како методи за евалуација да се користат евалуациони листи по завршена активност, месечни табели со предвидени и реализирани активности, организациски средби и состаноци ).
3. Надворешна евалуација -Ревизија
4. Редовен мониторинг на работата на „Бравура Кооператива“
5. Формирање на фокус групи со цел добивање повратни информации , нови насоки и потреби за реализираните активности
6. Прибирање повратни информации .
7. Прибирање повратни информации од страна на останатите целни групи на оваа стратегија

SMART
Balkans

Civil Society for Shared Society
in the Western Balkans